РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-497/4
СКОПЈЕ
27.11.2023год.

Врз основа на член 11, став 1, алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/2023), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на _______2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ТЕОРЕТСКА НАСТАВА ВО ПОЧЕТНАТА ОБУКА ВО АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ"

## I Општи одредби

Член 1

(1) Со овој правилник се уредуваат заедничките правила за траењето, статусот, правата и обврските на слушателите на почетната обука (во понатамошниот текст: слушатели), како и правата и обврските на предавачите во текот на теоретскиот дел од почетната обука.

(2) Целта на теоретската настава во Академијата е кај слушателите да развие пошироко општо знаење од материјалното и процесното домашно и меѓународно право и правото на Европската Унија од практичен аспект, развивање на техничките специфичности за судиско - обвинителската професија, способноста за логично размислување, запознавање со социјалните, културните и економските аспекти на правото, како и отвореноста кон социјалната средина со практицирање на соодветни модули во судот и јавното обвинителство и другите институции.

(3) Целите на теоретската настава во Академијата се остваруваат во согласност со програмата за почетна обука – теоретска настава.

## II Статус на слушателите на почетната обука

Член 2

(1) При приемот во почетната обука, слушателите на почетната обука, пред директорот на Академијата, даваат свечена изјава за почитување на Етичкиот кодекс на Академијата, кој ќе се применува по неговото донесување и на правилата предвидени со општите акти на Академијата, да ги почитува предавачите, менторите, како и инситуциите во кои се спроведува практичната настава.

(2) Академијата донесува Етички кодекс на однесување на слушателите за периодот за кој тие го имаат статусот на слушатели.

(3) Повреда на правилата од ставот 1 е основа за поведување на дисциплинска одговорност

на слушателот, во согласност со членот 51 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев".

## III Права и обврски на слушателите

Член 3

Во текот на траењето на почетната обука, на слушателите им се гарантирани следните права:

- Засноваат работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до изборот за судија во основен суд, односно за јавен обвинител во основно јавно обвинителство, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и Законот за Академијата;
- За времетраењето на работниот однос, слушателот има право на плата во износ од платата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основно јавно обвинителство и други надоместоци од плата во согласност со Законот;
- Користење годишен одмор во согласност со Законот за работни односи во текот на судската ферија, со тоа што точните термини на годишниот одмор се определуваат од страна на Академијата за секоја одделна генерација и сите слушатели го користат во истовреме;
- Користење по три работни дена платено отсуство по завршување на секој модул од теоретската настава заради подготовка за полагање тест за модулот кој тековно се слушал и седум работни дена платено отсуство по завршување на практичната настава заради подготовка на завршниот испит;
- Ефективна обука за стекнување знаења и вештини неопходни за извршување на судската и обвинителската професија;
- Навремено информирање за сите релевантни прашања што се однесуваат на одвивањето на почетната обука;
- Континуирано вреднување на стекнатите знаења и вештини според единствени критериуми и елементи;
- Користење на библиотеката, наставните материјали, опремата и просториите според утврдените правила на Академијата или на соодветната институција, каде што се изведува обуката;
- Писмено евидентирање на редовноста, активноста, степенот на исполнување на наставните задачи, на оценките и бодовите од страна на одделниот предавач:
- Оценување на секој предавач на крајот на секој дел од наставата, според евалуациските листи изготвени од Академијата, што се доставуваат до стручната служба на Академијата;
- Доставување сугестии, предлози и прашања што се од значење за реализирањето на наставата: до предавачите, менторите и стручната служба на Академијата.

Член 4

Слушателите на почетната обука ги имаат следните обврски:

- Редовно и навремено посетување на наставата, во согласност со распоредот на часови;

- Активно учество и навремено извршување на задачите зададени од страна на предавачите или од менторите, во согласност со овој правилник и програмите за теоретска и за практична настава;

- Редовно и континуирано совладување на наставниот материјал, за што Академијата може да организира тековни проверки;

- Почитување на правилата предвидени со општите акти на Академијата, Кодексот на однесување, како и на институциите каде што се изведува практичниот дел од обуката;

- Чување, како доверливи информации, на податоците од судските, обвинителските и од другите предмети што ќе ги сознаат во текот на обуката во Академијата и во институциите каде што се изведува практичната настава;

- Домаќинско ракување со инвентарот, опремата, книгите, наставните материјали на Академијата и институциите за практична обука, како и пријавување на секое нивно оштетување.

## IV Отсуства од наставата

Член 5

(1) Отсуствата од наставата се регулираат во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за здравствено осигурување и Законот за работни односи.

(2) Во случај на користење на породилно отсуство, односно боледување подолго од 60 дена, кое ќе се јави непосредно пред започнување на теоретската настава, слушателот на почетната обука започнува со слушање на теоретската настава со наредната редовна генерација на слушатели на почетна обука. Во тој случај, со цел да се запази утврдениот број кандидати за судии и јавни обвинители објавен со огласот за тековната генерација, неговото место ќе се пополни со наредниот слушател од конечната ранг-листа на положени кандидати од истата квота, во согласност со членовите 7 и 48 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

(3) Слушателот кој го користи правото да започне со слушање на теоретската настава со наредната генерација слушатели во почетна обука, во случај на користење породилно отсуство, односно боледување подолго од 60 дена, правата од работен однос ќе ги користи од моментот на потпишувањето договор за работен однос со Академијата со останатите слушатели од наредната генерација.

(4) Во случај на користење на породилно отсуство или боледување подолго од 60 дена, по отпочнувањето на теоретската настава, се постапува во согласност со ставот 2 од овој член.

(5) Доколку слушателот не продолжи со почетната обука со наредната редовна генерација на слушатели на почетна обука, во онаа фаза од наставата во која дошло до прекин, во тој случај е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдената пресметка од страна на Академијата.

## V Теоретска настава

Член 6

(1) Теоретската настава се изведува во просториите на Академијата, во смени, во работни

денови и во текот на работното време.

(2) По потреба, а во согласност со наставните програми, наставните планови и распоредот на часови, теоретската настава може да се изведува и надвор од Академијата, како и по завршувањето на работното време и во неработни денови.

(3) По потреба, наставата може да се организира и електронски преку модулите за е-учење.

(4)Времетраењето на еден наставен час изнесува 40 минути.

(5) Организацијата на часовите во текот на работното време се определува со Програмата за теоретска настава и со Распоредот на часови.

(6) Вкупниот број часови во теоретската настава се определува со Програмата за теоретска настава, а од нив најмалку 60% се практичен дел. Конкретниот сооднос на теоретскиот и на практичниот дел по секој одделен предмет е регулиран со Програмата за теоретска настава, а детално определен со распоредот на часови.

## Предмет и содржина на теоретската настава

Член 7

(1) Во текот на теоретската настава се изучуваат и се обработуваат правни, општи и специјални предмети, како и други предмети определени со Програмата за почетна обука - теоретска настава.

(2) Правни предмети се: кривично право, граѓанско право, трговско право, уставно право, управно право, меѓународно право и право на Европската Унија.

Општи предмети се: комуникациски вештини, управување со предмети, односи со јавноста, информатички технологии со правно пребарување, реторика со правно аргументирање, лингвистика на правото, етика, деловна култура и деонтологија и странски јазик.

Специјални предмети се: криминалистика, судска медицина, судска психологија и судска психијатрија.

(3) Бројот на часови за секој наставен предмет, како и вкупниот број часови, се определува во зависност од природата и сложеноста на материјата, како и значајноста за успешно извршување на судската и обвинителската професија и детално се определуваат во Програмата за теоретска настава.

(4) Сите предмети што се изучуваат во теоретската настава се поделени во три модули, што се изучуваат последователно.

(5) Распореденоста во модулите е извршена на следниот начин:

**Модул 1**: Граѓанско право, Трговско право, Уставно право, Управно право, Информатички технологии и правно истражување, странски јазик - терминологија од Модул 1;

**Модул 2**: Кривично право, Криминалистика, Судска медицина, Судска психијатрија, Комуникациски вештини, управување со предмети и односи со јавноста, Реторика со правно аргументирање, Лингвистика на правото, странски јазик - терминологија од Модул 2,

**Модул 3**: Меѓународно право, Право на ЕУ, Етика, деловна култура и деонтологија, Судска психологија, странски јазик - терминологија од Модул 3

(6) При определување на степенот на застапеноста на одделните области и теми се обезбедува соодветен однос меѓу правните теми и комплементарните теми (социолошки, културолошки), што овозможува учесниците да стекнат мултидисциплинарен пристап на проблемите во современото општество.

(7) Програмата може да предвиди теми кои кандидатите би ги изучувале по сопствен избор и теми кои се актуелни по однос на домашната и меѓународна правна практика, како надополнување на стекнатите знаења. За овие знаења Академијата може да организира тековни проверки или да ги инкорпорира во испитите за секој теоретски модул соодветно.

**Член 8**

(1) Видот и бројот на предметите, темите, поттемите и бројот на наставни часови за секој предмет од членот 8 од овој Правилник, се определуваат со Програмата за почетна обука која ја сочинуваат Програмата за теоретска настава и Програмата за практична настава.

(2) Програмите од ставот 1 на овој член, Програмскиот совет на Академијата за секоја генерација на слушатели ги подготвува и ги ажурира врз основа на претходна континуирана консултација со предавачите, менторите, слушателите на почетната обука, стручната служба на Академијата, а и врз основа на резултатите од спроведените евалуации од страна на слушателите на претходните почетни обуки, предавачите и менторите, приоритетите за обука што произлегуваат од програмите и извештаите на институциите застапени во Управниот одбор, како и мислењата на претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства каде што се избираат кандидатите од Академијата, измените на домашното и меѓународното законодавство и практика на меѓународните судови, особено на Европскиот суд за човекови права и на Европскиот суд на правдата.

(3) При определување на содржината на програмата и распоредот за почетната обука, особено внимание ќе се води за избор на предмети, наставни содржини и теми што се поврзани со надлежноста на судовите и јавните обвинителства со основна надлежност во која кандидатите ќе бидат избрани.

(4) Во збирното оценување на резултатите од почетната обука ќе се вклучат и дополнителните едукативни активности организирани во соработка со меѓународни институции.

**Организација и методологија**

Член 9

(1) Теоретската настава ја реализираат предавачи.

(2) Предавачите се должни во реализацијата на часовите да применуваат методолошки плурализам – комбинација од теоретски и практичен пристап, така што најмалку 60% од наставната содржина да биде посветена на практичниот пристап.

(3) Теоретскиот дел од наставата може да се реализира преку следните наставни методи и техники:

- предавања со материјали и примери од практиката;
- континуирано интерактивно учество на слушателите на часовите на дебати и дискусии;
- компаративни предавања од предавачи-гости;
- компаративни примери од правните системи на другите држави;
- употреба на опремата за видеопренос за директно следење на судењата и
- други методи и техники по наоѓање на предавачот.

(4) Практичниот дел од наставата може да се реализира преку следните наставни методи и техники:

- индивидуални и групни тестови и вежби;
- анализа и решавање на вистински и хипотетички случаи;
- учество во симулирани случаи со играње улоги;
- изработка на процесни акти и други писмена;
- индивидуална и групна изработка на есеи за актуелни правни состојби и проблеми;
- анализа на постојни закони или законски предлог-текстови;
- подготовка на извештаи, воведни и завршни зборови и други усни презентации;
- учество во истражните дејства преземени од јавниот обвинител и од правосудната полиција;
- посети на државни и на други органи и институции по избор на предавачот, поврзани со конкретно обработуваната тема;
- учество во континуираната обука организирана од Академијата, од други институции или од НВО;
- учество во програмите за размена организирани од другите институции за обука во Европа и во светот и од европските и меѓународни тренинг-мрежи (Lisbon network и EJTN - Europian Judicial Training Network);
- други методи по избор на предавачите, со кои ќе се стимулира интерактивно учество.

## Обврски на предавачите

Член 10

Предавачите во текот на теоретската настава се должни:

- редовно да ги одржуваат часовите во согласност со објавениот распоред на часови, а во случај на спреченост, однапред, навремено да ја известат стручната служба на Академијата заради непречено одвивање на наставата;
- да ги ставаат на располагање на Академијата, за потребите на наставата, сите наставни материјали;

- навремено, најдоцна 3 дена пред одржувањето на часовите, да ги достават до Академијата потребните наставни материјали заради дистрибуирање до слушателите;

- да ги оценат зададените писмени работи (есеи) и домашни задачи;

- да подготват соодветен број прашања и практични случаи за подготовка на тестовите за проверка на знаењето, што се спроведуваат по завршувањето на секој поединечен модул од теоретската настава;

- да подготват прашања за контролниот тест;

- да подготват прашања за завршниот испит;

- за своите предлози и сугестии и за предлозите и сугестиите на слушателите во врска со наставата, да ја известуваат стручната служба на Академијата;

- да ги комбинираат часовите со практична работа, во проценти од најмалку 60%, со обработка на случаи од домашната практика и практиката на други национални правосудства и на меѓународните судови;

- да охрабруваат и да провоцираат активна партиципација на слушателите, да ги стимулираат нивните творечки капацитети, да развиваат натпреварувачки амбиент заради подобрување на знаењата;

- однапред да ја најавуваат тематската целина заради навремена подготовка на учесниците за активно учество;

- да одберат модерни наставни методи за теоретската настава со употреба на современи наставни техники, видеопрезентации, филмови, „Пауерпоинт" и др.;

- писмено да ги евидентираат активностите на секој слушател и да ги оценуваат во согласност со одредбите за оценување од овој правилник.

## Начин на оценување

Член 11

(1) Оценувањето на постигнатиот успех се врши со тестови за проверка на знаењето, коишто се спроведуваат по завршувањето на секој поединечен модул од теоретската настава, како и континуирано во текот на наставата преку оценување на есеите, домашните работи и тестовите за тековна проверка на стекнатите знаења.

(2) Тестовите од ставот 1 на овој член содржат определен број прашања и студии на случај од секој предмет, во согласност со бројот на часови предвидени за тој предмет во Програмата за теоретска настава.

(3) Прашањата и студиите на случаи за тестот ги подготвуваат предавачите кои ги реализирале часовите во текот на теоретската настава, додека верификација на прашањата за тестот врши Програмскиот совет.

(4) Темите за домашните работи и есеите ги определува предавачот кој го предава конкретниот предмет.

(5)Во случај слушателите да не положат успешно еден или повеќе модули, на крајот на теоретската настава имаат можност да го повторат тестирањето уште еднаш, на крајот на сите

три модули, за модулот кој не го положиле.

Член 12

(1) Предмет на евалуација ќе бидат следните компоненти:

- степенот на инволвираност на слушателите во процесот на учење;

- прогресот во стекнување и зголемување на теоретските знаења (информацијата), но и проверка на способноста за нивна примена во практиката (know how);

- способноста за писмено изразување (изработка на процесни акти) и усно изразување (аргументација);

- способноста за логично мислење и оцена на доказите, за разграничување на активките од правните прашања;

- способноста за одлучување;

- комуникациските способности;

- должностите и ставовите кон улогата на судија и јавен обвинител во општеството и односите со другите учесници во постапката;

- односот кон исполнување на етичките стандарди на професијата.

(2) Проверувањето и оценувањето ќе се врши преку следните форми за проверување на оспособеноста на слушателите:

- тест за проверка на знаењето/оспособеноста за практична примена и толкување на законите за изучените тематски целини, што се спроведува на крајот на секој модул од теоретската настава;

- писмени вежби на часовите – есеи (написи за актуелни правосудни теми, изработка на пресуди и други процесни акти, анализа на хипотетички случаи);

- тековна проверка на стекнатите знаења за изучените тематски целини преку контролни тестови;

- домашни работи (на теми поврзани со судско-обвинителската професија, извештаи од посети на институции, извештаи за учеството на семинари во Академијата и надвор од неа, извештаи од студиски посети во Република Северна Македонија и во странство, како и други видови на дополнителни активности).

Член 13

(1) Оценувањето на слушателите се изразува квантитативно преку бодови.

(2) Бодовите што може да ги добие секој слушател за секој одделен предмет претставуваат збир од бодовите што се добиваат од тестот за проверка на знаење, домашната задача, есејот и контролните тестови.

(3) Бодовите од тестот за проверка на знаење однапред се определени во Прегледот на бодови според бројот на часови утврдени за тој предмет, во согласност со Програмата за теоретска настава.

(4) Бодовите што можат да се добијат за секој одделен предмет, односно група предмети, критериумите според кои се добиваат, како и начинот на оценување и пресметување на конечните бодови од теоретската настава се определени со овој правилник.

Член 14

(1) За секоја генерација слушатели, пред почнување на теоретската настава, со Месечниот распоред на часови се определуваат темите, областите и термините во кои ќе бидат спроведени:

- писмените вежби/есеи,
- домашните работи,
- предавачите кои ќе ги спроведат, притоа водејќи сметка за соодветна застапеност на наведените активности во сите делови од конкретниот предмет.

(2) Конкретната тема за секоја од наведените форми за проверување на оспособеноста на учесниците ја определува предавачот што ја реализира темата.

Член 15

(1) Во вкупниот успех на слушателите што ја следеле почетната обука, успехот постигнат во текот на теоретската настава се вреднува со најмногу 30 бода и се изразува во броеви до втората децимала.

(2) Се смета дека слушателот кој на тестовите од сите три модули, вклучително и бодовите за есеи, домашни работи и контролни тестови добил збирно помалку од 21 бод, не ја завршил успешно теоретската настава.

Член 16

(1) Конечните бодови од теоретската настава учесниците ги добиваат според следните критериуми што носат определен процент на бодови:

- преку тест за проверка на знаењето – до 25 бода;
- преку писмени работи – есеи – до 2 бода;
- преку домашните работи – до 1 бод; и
- преку контролни тестови – до 2 бода.

**Тест за проверка на знаењето**

Член 17

(1) Тестот за проверка на знаењето на слушателите се полага на крајот од секој модул, за предметите кои се заеднички изучувани во него.

(2) Во тестот се опфаќаат сите предмети што се изучувани во текот на тој модул и содржи прашања и практични случаи за решавање поврзани со материјата што се обработувала во текот на теоретската настава.

(3) Тестот се полага по писмен пат. Во просторијата во која се полага тестот присуствуваат лица од редот на административните службеници вработени во Академијата.

(4) Полагањето на тестот трае 120 минути.

(5) Резултатите од тестот се објавуваат на интернет-страницата на Академијата.

Член 18

(1) При полагањето на тестот, слушателите не смеат да користат какви било електронски средства, средства за комуникација или друг вид помагала, вклучувајќи и закони, закони со коментар и објаснување, претходно подготвени предмети, правни документи, пишуван материјал или друг извор за информации.

(2) За време на тестот не е дозволено напуштање на просторијата во која се одвива полагањето од страна на слушателите, освен во случај на итност, при што ќе бидат придружувани од овластените лица кои вршат надзор над полагањето на тестот.

(3) На слушателот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други слушатели или лица.

(4) Доколку слушателот при полагањето на испитот постапува спротивно од ставовите 2 и 3 од овој член, ќе биде отстранет од полагањето, неговиот тест ќе биде поништен и тој нема да биде предмет на разгледување и оценување, со што се смета дека не го положил тестот и тоа се констатира од страна на административните службеници од Академијата кои се присутни на полагањето.

Член 19

(1) За секој модул се спроведува по еден заеднички тест за проверување на знаењето/оспособеноста.

(2) Тестот за проверка на знаењето се полага по писмен пат, со боење на образец подготвен од Академијата.

(3) Пред полагањето на тестот, слушателите влечат шифра и истата ја запишуваат на листата за потпис.

(4) Резултатите од тестирањето се прегледуваат електронски, со помош на читач.

(5) На тестовите од модулите 1 и 2 можат да се освојат најмногу 10 бода, а на тестот од модулот 3 најмногу 5 бода.

(6) Секој тест за проверување на знаењето/оспособеноста содржи прашања поврзани со материјата што се обработувала во текот на теоретската настава и прашања од практични случаи од односниот модул.

(7) Прашањата за тестот можат да бидат со заокружување на еден од повеќе зададени одговори.

(8) Бројот на прашањата зависи од бројот на часови што ги има тој предмет.

(9) Структурата на тестот, односно бројот на прашања и студии на случај од секоја област им се праќа на слушателите најмалку еден месец пред полагањето на тестот.

(10) За секое прашање се понудени три одговори, од кои еден е точен.

(11) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 0,10 бодови, а одговорите што не се точни се бодуваат со 0 бодови. Неодговарањето на секое прашање се бодува со 0 бодови.

(12) Секој практичен случај за решавање содржи по три прашања, а за секое прашање се понудени по три одговори, од кои еден е точен, а два се неточни.

(13) Точниот одговор на секое прашање од ставот 8 од овој член се бодува со 0,10 бодови, а одговорите што не се точни се бодуваат со 0 бодови. Неодговарањето на секое прашање се бодува со 0 бодови.

(14) Фондот на прашања и практичните случаи за решавање на тестовите ги изготвуваат предавачите.

(15) Се смета дека слушателот кој на тестовите за проверка на знаењето од сите три модули добил збирно помалку од 19 бода, не ја завршил успешно теоретската настава.

Член 20

(1) Во текот на теоретската настава, напредокот на слушателите се следи и преку други форми на евалуација, како писмени работи (есеи), домашни работи и контролни тестови, кои ги задаваат предавачите по определени предмети.

(2) Секој слушател мора да ги изработи сите предвидени форми за перманентна евалуација во рок што ќе биде определен од предавачот што ја задал задачата.

(3) Проверката на точноста и квалитетот на изработената задача ја врши предавачот што ја задал задачата.

(4) Стручната служба на Академијата води евиденција за изработените задачи на слушателот заради овозможување на полагање на тестот.

Есеи (писмени работи)

Член 21

(1) Есеи (писмени работи се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во членот 14, став 2, алинеја 2 од овој правилник.

(2) Студиите на случај за есеите се фиктивни, со јасна фактичка ситуација и податоци (број на предмет, докази, име на странки, судија, јавен обвинител, записничар, сведоци и сите други податоци, врз чија основа можат да се изработат пресудите или решенијата).

(3) При решавањето на есеите, односно изработката на актите, слушателите можат да користат закони, кои се наоѓаат во компјутерот на кој полагаат.

(4) Есеи (писмени работи) се реализираат за време на часовите, во термини што се определени со годишниот распоред на часови.

(5) За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една писмена работа што се оценува од 0 до 2 бодови за секој есеј и се изразува во

броеви до втората децимала.

(6) Неодговарањето на писмена работа (есеј) носи 0 бодови.

(7) Проверката на писмената работа и оценката за неа ја дава предавачот што ја задал во рок од најмногу пет дена по зададената задача и резултатите ги објавува писмено во Академијата.

(8) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на тој начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет, изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули, на крајот на теоретската настава, со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.

Домашни работи

Член 22

(1) Домашните работи се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во членот 14, став 2, алинеја 4 од овој правилник.

(2) Домашните работи се реализираат надвор од наставните часови.

(3) За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една домашна работа што се оценува од 0 до 1 бод за секоја домашна работа и се изразува во броеви до втората децимала.

(4) Недоставувањето на домашната работа во определениот рок носи -0.5 бода.

(5) Проверката на домашната работа и оценката за неа ја дава предавачот што ја задал во рок од најмногу пет дена по зададената задача и резултатите ги објавува писмено во Академијата.

(6) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на тој начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет, изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули, на крајот на теоретската настава, со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.

**Контролни тестови**

Член 23

(1) Контролните тестови се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во членот 14, став 2, алинеја 3 од овој Правилник.

(2) Контролниот тест се полага по писмен пат, со боење на образец подготвен од Академијата.

(3) Пред полагањето на контролниот тест, слушателите влечат шифра и истата ја запишуваат на листата за потпис.

(4) Резултатите од тестирањето се прегледуваат електронски, со помош на читач.

(5) Контролните тестови се реализираат за време на часовите.

(6) За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по еден контролен тест што се оценува од 0 до 2 бодови за секој тест и се изразува во броеви до втората децимала.

(7) Неодговарањето на контролните тестови се бодува со 0 бодови.

(8) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на тој начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет, изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули, на крајот на теоретската настава, со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.

## V Принцип на јавност

Член 24

(1) Начинот на бодирање и оценување на одделните активности на слушателите содржани во овој правилник, заради постигнување наизедначеност, ќе биде објавен во пакетот информации за слушателите пред почетокот на наставата.

(2) Заради обезбедување јавност во оценувањето, предавачите, односно предавачките тимови, должни се навремено да ги објавуваат резултатите од зададените задачи.

## VI Завршни одредби

Член 25

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Овој правилник се објавува на интернет-страницата на Академијата.

(3) Со денот на влегувањето воа сила на овој Правилник, во делот на теоретската настава престанува да важи Правилникот за почетна обука („Службен весник на РМ" бр. 19/2017, 88/2017, 11/2018 и 34/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 193/2020 и 296/2020).

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев", Скопје
Претседател на Управен одбор,
судија Беким Мехмеди